Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Бр/Nr. 02-12858/1
Скопје/Shkup________година/viti
10.-12- 2025

# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

# Извештај за финансиското работење на претпријатието за третиот квартал од 2025 година

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта
Republika e Maqedonisë së Veriut

ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
rr. "Dame Gruev" nr.14

Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk

**СОДРЖИНА:**

I. ВОВЕД....................................................................3

II. ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ....................................4

III. ПРИХОДИ....................................................................5

IV. РАСХОДИ....................................................................9

V. БИЛАНС НА СОСТОЈБА....................................................12

VI. БИЛАНС НА УСПЕХ........................................................14

VII. ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА..............................................16

## I. ВОВЕД

Јавното Претпријатие за државни патишта (во натамошниот текст: ЈПДП) е основано на 03.01.2013 со Одлука за основање број 41-10147/1 од 28.12.2012 донесена од Владата на Република Македонија, објавена во Службен Весник на РМ бр.1 од 02.01.2013 година. Претпријатието е запишано во Централен Регистар на РМ со ЕМБС 6839673 и е правен следбеник на Агенцијата за државни патишта Скопје.

Основна цел и дејност на ЈП за државни патишта е планирање, изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на патиштата и управување со државните патишта. Со тоа ЈП за државни патишта останува двигател на патната инфраструктура во Република Северна Македонија.

Извештајот за финансиското работење на претпријатието за третиот квартал од 2025 година се изготвува согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија и се однесува за периодот од јули – септември 2025 година и истиот се доставува до Владата на Република Северна Македонија.

Во извештајниот период ЈПДП ги реализираше приходите и трошоците согласно Финансискиот план за 2025 година, како и инвестициите согласно Годишната Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2025 година.

## II. ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

| Ред. бр. | Опис | План III Квартал 2025 | Остварени III Квартал 2025 | Остварени III Квартал 2024 | Стр. Анал. III Квартал 2025 | Спор. Оств./ план I III Квартал 2025 | Спор. Оств. 2025/2024 III Квартал |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **3,750,000,000** | **3,686,325,861** | **4,692,826,423** | **100.00%** | 0.98 | **0.79** |
| 1.1 | Приходи од патарина | 1,125,000,000 | 1,384,904,612 | 1,347,719,911 | 37.57% | 1.23 | **1.03** |
| 1.2 | Приходи од регистрација | 600,000,000 | 628,579,287 | 592,223,832 | 17.05% | 1.05 | **1.06** |
| 1.3 | Други приходи | 25,000,000 | 12,478,939 | 12,623,253 | 0.34% | 0.50 | **0.99** |
| 1.4 | Дел од акциза од нафтени деривати | 1,500,000,000 | 1,632,783,120 | 1,524,692,628 | 44.29% | 1.09 | **1.07** |
| | **Вкупно приходи од работењето** | **3,250,000,000** | **3,658,745,958** | **3,477,259,624** | | 1.13 | **1.05** |
| 1.5 | Приходи од камати | 2,500,000 | 713,414 | 527,948 | 0.02% | 0.29 | **1.35** |
| 1.6 | Приходи од позитивни курсни разлики | 497,500,000 | 26,866,489 | 1,215,038,851 | 0.73% | 0.05 | **0.02** |
| | **Вкупно финансиски приходи** | **500,000,000** | **27,579,903** | **1,215,566,799** | | 0.06 | **0.02** |
| 2 | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **2,000,000,000** | **1,609,154,698** | **1,628,340,499** | **100.00%** | 0.80 | **0.99** |
| 2.1 | Трошоци за суровини и материјали | 7,500,000 | 26,890,729 | 30,599,273 | 1.67% | 3.59 | **0.88** |
| 2.2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 475,000,000 | 542,065,473 | 367,464,718 | 33.69% | 1.14 | **1.48** |
| 2.3 | Останати трошоци од работењето | 125,000,000 | 116,471,663 | 192,843,620 | 7.24% | 0.93 | **0.60** |
| 2.4 | Трошоци за вработените | 180,000,000 | 154,824,514 | 145,770,732 | 9.62% | 0.86 | **1.06** |
| | **Вкупно трошоци од работењето** | **787,500,000** | **840,252,379** | **736,678,343** | | 1.07 | **1.14** |
| | ***Оперативна Добивка/загуба од работењето*** | ***2,462,500,000*** | ***2,818,493,579*** | ***2,740,581,281*** | | 1.14 | **1.03** |
| 2.5 | Амортизација | 575,000,000 | 655,063,616 | 640,969,058 | 40.71% | 1.14 | **1.02** |
| 2.6 | Расходи од Камати | 250,000,000 | 86,385,540 | 249,115,661 | 5.37% | 0.35 | **0.35** |
| 2.7 | Расходи од негативни курсни разлики | 387,500,000 | 27,453,163 | 1,577,437 | 1.71% | 0.07 | **17.40** |
| | **Вкупно финансиски расходи и Амортизација** | **1,212,500,000** | **768,902,319** | **891,662,156** | | 0.63 | **0.86** |
| 3 | ***Финансиски резултат (добивка/загуба)*** | **1,750,000,000** | **2,077,171,163** | **3,064,485,924** | | | |
| 4 | **Вкупни неизмирени обврски (краткорочни)** | | 3,923,710,425 | 3,782,516,937 | | | |
| 5 | **Вкупни побарувања (краткорочни)** | | 381,226,414 | 266,866,062 | | | |
| 6 | **Состојба на сметки (денарска и девизна)** | | 2,928,007,326 | 1,761,259,430 | | | |
| 7 | **Вкупен број на вработени лица** | | 479 | 499 | | | |
| | Број на лица враб. на неопределено време во претпријатието | | 459 | 499 | | | |
| | Број на лица враб. на определено време во претпријатието | | 20 | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на привремено враб. во претпријатието | | 32 | | | | |
| 8 | **Износ на просечно испла-тена нето плата во прет-пријатието** | | 56,073 | 52,189 | | | |

Оперативната добивка за третиот квартал од 2025 година изнесува **2,818,493,579** денари, додека финансискиот резултат за истиот период е добивка од **2,077,171,163** денари.

## III. ПРИХОДИ

Финансиските средства за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на јавните патишта и за работење на Јавното претпријатие се обезбедуваат од:

1) дел од акцизата од деривати од нафта;
2) надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса);
3) надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);
4) надоместок за:
   а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас,
   б) приклучување на пристапен пат на јавен пат,
   в) поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас;
   г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место,
   д) прекумерно користење на пат,
   ѓ) вонредниот превоз и
   е) штета сторена на патот и објектите на патот;
5) средства од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на општините и на градот Скопје;
6) заеми, кредити и грант средства од МФИ
7) други приходи.

Висината на средствата од точка 1 се утврдува со Одлука на Владата на Република Северна Македонија и истата не може да биде помала од 20% од вкупниот приход по основ на акциза од деривати од нафта.

➢ Табеларен приказ на специфицираните приходи

*во илјади денари*

| Ред. Бр. | ОПИС | ОСТВ.III Квартал 2024 | ПЛАН 2025 | ОСТВ. III Квартал 2025 | Спор. анал. тек. / оств. претх. | Спор. анал. оств. / план. | Структ. анал. тек. год. (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Оперативни приходи** | | | | | | |
| 1.1 | Приходи од акциза | 1,524,693 | 1,500,000 | 1,632,783 | 1.07 | 1.09 | 44.29 |
| 1.2 | Приходи патарина | 1,347,720 | 1,125,000 | 1,384,905 | 1.03 | 1.23 | 37.57 |
| 1.3 | Приходи регистрација | 592,224 | 600,000 | 628,579 | 1.06 | 1.05 | 17.05 |
| | Останати приходи од работењето | 12,623 | 25,000 | 12,479 | 0.99 | 0.50 | 0.34 |
| | **Вкупни оперативни приходи** | **3,477,260** | **3,250,000** | **3,658,746** | 1.05 | **1.13** | **99.25** |
| 2 | **Останати приходи** | | | | | | |
| 2.1 | Позитивни курсни разлики | 1,215,039 | 497,500 | 26,866 | 0.02 | 0.05 | 0.73 |
| 2.2 | Приходи од камати | 528 | 2,500 | 713 | 1.35 | 0.29 | 0.02 |
| | **Вкупно останати приходи** | **1,215,567** | **500,000** | **27,580** | 0.02 | **0.06** | **0.75** |
| | **Вкупно приходи** | **4,692,826** | **3,750,000** | **3,686,326** | 0.79 | **0.98** | **100.00** |

Во периодот јули – септември 2025 година, ЈП за државни патишта ги има остварено вкупно приходи во износ од 3.686.326 илј. денари и тоа:

1. Приход остварен од надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина) во износ од 1.384.905.612 денари, односно за 23% поголем од квартално планираниот приход по овој основ за 2025 година. Во споредба со истиот период од 2024 година, приходот од патарина е поголем за 3 % односно за 37.184.701 денари. Висината на надоместокот е определена во зависност од должината на делницата на која се наплаќа надоместокот и од категоријата на возилата во согласност со Одлука донесена од Владата на Република Северна Македонија за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина), бр.45-3763/1 од 03 јуни 2019 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.118/2019 од 11.06.2019).

2. Приход остварен од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса) што се плаќа при регистрација на возилата, во износ од 628.579.287 денари, или 5% поголем од квартално планиран приход по тој основ за 2025 година. Во споредба со истиот период од минатата година, приходот по оваа основа е поголем за 6% или за 36.355.455 денари. Остварувањето на овој приход е врз основа на примена на Одлуката на Владата на РМ бр.19-4732/1 од 22 септември 2009 година за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) и Одлука за изменување на Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/2014). Според Одлуката, иматедите на моторните и приклучните возила, надоместокот го плаќаат при регистрација на возилата годишно а во зависност од влијанието на возилото врз оштетувањето на патот.

3. Други приходи на ЈП за државни патишта согласно Законот за јавни патишта за третиот квартал во 2025 година изнесуваат 12.478.939 денари. Во споредба со истиот период од минатата година, приходот остварен по овој основ е помал за 1% или за 144.314 денари. Овие приходи се остваруваат врз основа на надоместоци што се плаќаат на магистралните и регионалните патишта, согласно „Одлуката за висината на надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државен пат, приклучување на пристапен пат на државен пат, поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас на државен пат, изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место, за прекумерно користење на државен пат, за вонреден превоз и за штета на државен пат и на објектите на патот", приходи остварени од наплата на гаранции, пресметани приходи од побарувања по основ на судски предмети и други приходи.

4. Приход остварен од делот од акцизата од нафтени деривати, во третиот квартал од 2025 година изнесува 1.632.783.120 денари. Во споредба со истиот период од минатата година, приходот остварен по овој основ е поголем за 7% или за 108.090.492 денари. Согласно Законот за јавните патишта овие средства се трансферираат од Буџетот на Република Северна Македонија на сметка на Јавното претпријатие најмалку четири пати годишно, во интервали од најмалку три календарски месеци.

5. Финансиските приходи во третото тромесечие од 2025 година изнесуваат 27.579.903 денари, од кои 713.414 денари се приходи од камати и 26.866.489 денари се пресметани позитивни курсни разлики.

- Графички приказ на специфицираните приходи



## IV. РАСХОДИ

➢ Табеларен приказ на специфицираните расходи

*во илјади денари*

| Ред. Бр. | ОПИС | ОСТВ. III Квартал 2024 | ПЛАН 2025 | ОСТВ. III Квартал 2025 | Спор. оств. III Квартал 2025/2024 | Спор. оств.III Квартал/ план 2025 | Структ. Анал. III Квартал 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Расходи од дејноста** | | | | | | |
| 1.1 | Трошоци за суровини и материјали | 30,599 | 7,500 | 26,891 | 0.88 | 3.59 | 1.67% |
| 1.2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 367,465 | 475,000 | 542,065 | 1.48 | 1.14 | 33.69% |
| 1.3 | Останати трошоци од работењето | 192,844 | 125,000 | 116,472 | 0.60 | 0.93 | 7.24% |
| 1.4 | Трошоци за вработени | 145,771 | 180,000 | 154,824 | 1.06 | 0.86 | 9.62% |
| | **Вкупно оперативни расходи** | **736,678** | **787,500** | **840,252** | 1.14 | 1.07 | 52.22% |
| 2 | **Останати расходи** | | | | | | |
| 2.1 | Амортизација | 640,969 | 575,000 | 655,064 | 1.02 | 1.14 | 40.71% |
| 2.2 | Расходи по основ на камати | 249,116 | 250,000 | 86,386 | 0.35 | 0.35 | 5.37% |
| 2.3 | Расходи по основ на курсни разлики | 1,577 | 387,500 | 27,453 | 17.40 | 0.07 | 1.71% |
| | **Вкупно финансиски расходи и амортизација** | **891,662** | **1,212,500** | **768,902** | 0.86 | 0.63 | **47.78%** |
| | **Вкупно расходи** | **1,628,341** | **2,000,000** | **1,609,155** | 0.99 | 0.80 | **100.00%** |

Во периодот јули -септември 2025 година направени се трошоци и расходи во вкупен износ од 1.609.154.698 денари.

1. За трошоци за суровини и материјали и електрична енергија полугодишно се потрошени 26.890.729 денари, од кои: за трошоци за канцелариски материјали потрошени се 390.790 денари, за трошоци за материјали за одржување хигиена потрошени се 53.056 денари, трошоци за ролни за фискални каси на наплатни станици потрошени се 1.602.170 денари, за трошоци за вода и други напитоци потрошени се 194.770 денари, за трошоци за гориво за

службени возила потрошени се 923.100 денари, за трошоци за електрична енергија потрошени се 23.649.147 денари и за трошоци за топлотна енергија потрошени се 77.696 денари.

2. За трошоци за услуги со карактер на материјални трошоци квартално се потрошени 542.065.473 денари, од кои: за ПТТ услуги, мобилна телефонија, интернет потрошени се 3.320.915 денари, за одржување патишта (Македонија пат) потрошени се 397.947.819 денари, трошоци за одржување на електро енергетски објекти, осветлување и сигнализација се реализирани во износ од 31.630.620денари, трошоци за одржување, надградба и броење на сообраќај, потрошени се 9.158.202 денари, трошоци за одржување системи во тунели Демир Капија потрошени се 2.626.591 денари, трошоци за одржување на опрема и објекти на ЈПДП потрошени се 1.722.182 денари, одржување патни делници Штип-Радовиш и Штип – Кочани потрошени се вкупно 1.342.256 денари, за одржување ПП систем и апарати и трошоци за одржување на ГПС уреди потрошени се 5.772.490 денари, одржување на уреди за непрекинато напојување (агрегати) потрошени се 10.111.774, за одржување на електронски систем за наплата на патарина потрошени се 606.977 денари, за одржување на РАМС систем потрошени се 10.672.705 денари, за одржување на автоматски стоп рампи потрошени се 907.489 денари, за одржување и перење на службени возила потрошени се 22.800 денари, за одржување на хигиена во деловни простории потрошени се 993.127 денари, за режиски трошоци (вода, собирање смет по наплатни, паркинг услуги и др.) потрошени се 31.048.566 денари, трошоци за одржување на софтвер потрошени се 4.836.077 денари, трошоци за провизија за здруженија за технички преглед потрошени се 5.485.926 денари, трошоци за надзор потрошени се 10.224.962 денари, трошоци за наем на деловен простор потрошени се 425.610 денари, трошоци за наем на опрема потрошени се 3.697.030 денари и провизија за привремени вработувања потрошени се 275.750 денари, трошоците за весници списанија и огласи се во износ од 344.822 денари, и трошоци за регистрација на возила се во износ од 101.393 денари.

3. За останати трошоци од работењето квартално се потрошени 116.471.663 денари, од кои: трошоци за осигурување патнички возила и згради и опрема потрошени се 123.333 денари, трошоци за банкарски провизии потрошени се 24.042.005 денари, останати трошоци (административни, судски, нотарски такси) потрошени се 774.653 денари, за услуги по договор на дело потрошени се 1.361.941 денари, за консултантски услуги потрошени се 64.642.833 денари, трошоци за поврат на средства од регистрација на товарни возила кои престојуваат во странство потрошени се 15.036.239 денари, трошоци за трансфери кон ЕЛС потрошени се 1.954.677 денари, трошоци за вештачења, адвокатски услуги, услуги за присилна наплата, геодетски услуги, претплата за стручни списанија и др. потрошени се 4.588.095 денари.

4. Трошоците за вработените за третиот квартал од извештајниот период изнесува 154.824.514 денари, и тоа: за трошоци за бруто плати 124.453.573 денари, трошоци за привремени вработувања 11.730.732 денари, трошоци за службени патувања во износ од 221.215 денари, трошоци за превоз на инкасанти, обуки, систематски преглед на вработени и други 3.393.023 денари, трошоци за солидарна помош, отпремнини за пензија, регрес за годишен одмор и друго 15.025.970 денари.

5. Пресметаниот трошок за амортизација за првото полугодие од 2025 година изнесува 655.063.616 денари.

6. Расходите за камати и пресметани негативни курсни разлики (финансиски расходи) за третиот квартал од 2025 година изнесуваат 768.902.319 денари, и тоа: негативните курсни разлики изнесуваат 27.453.163 денари и каматите изнесуваат 86.385.540 денари.

Напомена: Пресметаните позитивни и негативни курсни разлики согласно меѓународните сметководствени стандарди и пресметковниот начин на водење на сметководството, влијаат на остварениот финансиски резултат, а произлегуваат од користењето и отплатата на странските кредити, односно од вкупната кредитна задолженост на ЈП за државни патишта. Пресметаните курсни разлики (позитивни или негативни) во најголема мерка зависат од движењето на курсот на американскиот долар, валута во која ЈП за државни патишта го има склучено договорот со Ексим банка за финансирање на изградбата на патните правци Кичево – Охрид и Миладиновци – Штип.

➢ Графички приказ на специфицираните расходи



## V. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

Билансот на состојба ја покажува состојбата на средствата и изворите на претпријатието на 30.09.2025 година. Билансот на состојба е статички и кумулативен преглед, кој го набљудува претпријатието во даден момент и ја прикажува состојбата на средствата, изворите и капиталот кои произлегуваат од сите активности во претпријатието од неговото основање до денот на составување на билансот. Вредностите на ставките во Билансот на состојба се искажани според нивниот износ при набавка на средството, корегирани за промените што настанале.

| Ред. Бр. | БИЛАНС НА СОСТОЈБА | Остварено 01.07.2025 - 30.09.2025 | Остварено 01.07.2024 - 30.09.2024 | Струк. анал. 2025 | Спор. 2025/ 2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| | **АКТИВА** | | | | |
| 1 | **Тековни средства** | **3,311,288,799** | **2,030,418,073** | | **1.63** |
| 1.1 | Парични средства | 2,928,007,326 | 1,761,259,430 | 1.59% | 1.66 |
| 1.2 | Краткорочни побарувања | 381,226,414 | 266,866,062 | 0.21% | 1.43 |
| 1.3 | Залихи | 2,055,059 | 2,292,581 | 0.00% | 0.90 |
| 2 | **Нетековни средства** | **181,206,367,912** | **164,132,789,266** | | **1.10** |
| 2.1 | **Нематеријални средства** | **5,897,743** | **6,221,000** | | 0.95 |
| 2.1.1 | Концесии, патенти, лиценци и др. | 5,897,743 | 6,221,000 | 0.00% | 0.95 |
| 2.2 | **Материјални средства и вложувања во недвижност** | **181,200,470,169** | **164,126,568,266** | | **1.10** |
| 2.2.1 | Недвижности | 86,204,955,751 | 87,112,967,738 | 46.72% | 0.99 |
| 2.2.2 | Постројки и опрема | 43,161,185 | 58,033,973 | 0.02% | 0.74 |
| 2.2.3 | Транспортни средства | 10,398,816 | 12,695,244 | 0.01% | 0.82 |
| 2.2.4 | Канцелариски инвентар и мебел | 1,983,733 | 2,510,851 | 0.00% | 0.79 |
| 2.2.5 | Аванси за набавка на материјални средства | 3,194,191,473 | 3,287,266,885 | 1.73% | 0.97 |
| 2.2.6 | Материјални средства во подготовка | 91,745,509,906 | 73,652,824,270 | 49.72% | 1.25 |
| 2.2.7 | Останати материјално вложувања | 269,305 | 269,305 | 0.00% | 1.00 |
| 3 | **Платени трошоци за идни периоди (АВР)** | **0** | **0** | | |
| | **Вкупна актива** | **184,517,656,709** | **166,163,207,339** | **100.00%** | **1.11** |
| | **ПАСИВА** | | | | |
| 1 | **Обврски** | **62,884,976,081** | **61,255,643,148** | | **1.03** |
| 1.1 | **Краткорочни обврски** | **3,923,710,425** | **3,782,516,937** | | **1.04** |
| 1.1.1 | Обврски кон добавувачи | 1,956,156,130 | 1,442,497,465 | 1.06% | 1.36 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.2 | Обврски за аванси и депозити | 1,366,575,168 | 1,767,253,286 | 0.74% | 0.77 |
| 1.1.3 | Обврски кон вработените | 50 | | 0.00% | |
| 1.1.4 | Тековни даночни обврски | 34,512,138 | 57,801,437 | 0.02% | 0.60 |
| 1.1.5 | Обврски по заеми и кредити | 566,466,939 | 514,964,749 | 0.31% | 1.10 |
| 1.1.6 | Останати финансиски обврски | 0 | 0 | 0.00% | |
| **1.2** | **Долгорочни обврски** | **58,961,265,656** | **57,473,126,211** | | **1.03** |
| 1.2.1 | Обврски по заеми и кредити | 58,836,245,417 | 57,295,002,905 | 31.89% | 1.03 |
| 1.2.2 | Останати долгорочни резервирања | 125,020,239 | 178,123,306 | 0.07% | 0.70 |
| **2** | **Капитал и резерви** | **82,576,686,731** | **75,181,608,105** | | **1.10** |
| 2.1 | Капитал | 5,000,000 | 5,000,000 | 0.00% | 1.00 |
| 2.2 | Ревалоризирана резерва | 9,796,453,000 | 9,796,453,000 | 5.31% | 1.00 |
| 2.3 | Резерви | 5,906,427,172 | 3,448,047,142 | 3.20% | 1.71 |
| 2.4 | Акумулирана Добивка | 55,029,956,287 | 51,581,909,145 | 29.82% | 1.07 |
| 2.5 | Добивка за деловна година | 11,838,850,272 | 10,350,198,818 | 6.42% | 1.14 |
| **3** | **Одложено плаќање на трошоци и приходи (ПВР)** | **39,055,993,897** | **29,725,956,083** | **21.17%** | **1.31** |
| | **Вкупна пасива** | **184,517,656,709** | **166,163,207,337** | **100.00%** | **1.11** |

Вкупната актива/пасива во Билансот на состојба до 30.09.2025 година изнесува 184,517,656,709 денари. Во однос на истиот период претходната 2024, кога изнесувала 166,163,207,337 денари, бележи зголемување од 11%. Во активата најголемо зголемување, согласно структурната и споредбената анализа, има во паричните средства како и во краткорочни побарувања. Во пасивата, зголемувањето е најголемо кај долгорочните обврски т.е. обврските по заеми и кредити заради реализација на проектите кои се финансираат од странски кредити.

## VI. БИЛАНС НА УСПЕХ

Билансот на успех ги покажува вкупно остварените приходи и расходи од работењето на ЈПДП за третиот квартал од 2025 година и финансискиот резултат за истиот период. Во табелата што следи дадени се споредбени податоци за третиот квартал од тековната година со истиот период од претходната 2024 година и со планираните квартални резултати за 2025 години.

| Ред. бр. | БИЛАНС НА УСПЕХ | План III квартал 2025 | Оств. III квартал 2025 | Оств. III квартал 2024 | Струк. Анал. 2025 | Спор. 2025/ 2024 | Спор. 2025/ план |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од дејноста | | | | | | |
| 1.1 | Патарина | 1,125,000,000 | 1,384,904,612 | 1,347,719,911 | 37.57% | 1.03 | 1.23 |
| 1.2 | Регистрација (патна такса) | 600,000,000 | 628,579,287 | 592,223,832 | 17.05% | 1.06 | 1.05 |
| 1.3 | Акциза | 1,500,000,000 | 1,632,783,120 | 1,524,692,628 | 44.29% | 1.07 | 1.09 |
| 1.4 | Други приходи | 25,000,000 | 12,478,939 | 12,623,253 | 0.34% | 0.99 | 0.50 |
| | **Вкупно приходи од дејноста** | **3,250,000,000** | **3,658,745,958** | **3,477,259,624** | | **1.05** | **1.13** |
| 2 | Финансиски приходи | | | | | | |
| 2.1 | Камати | 2,500,000 | 713,414 | 527,948 | 0.02% | 1.35 | 0.29 |
| 2.2 | Позитивни курсни разлики | 497,500,000 | 26,866,489 | 1,215,038,851 | 0.73% | 0.02 | 0.05 |
| | **Вкупно финансиски приходи** | **500,000,000** | **27,579,903** | **1,215,566,799** | | **0.02** | **0.06** |
| | **Вкупно приходи** | **3,750,000,000** | **3,686,325,861** | **4,692,826,423** | **100.00%** | **0.79** | **0.98** |
| 1 | Трошоци од дејноста | | | | | | |
| 1.1 | Трошоци за суровини и материјали | 7,500,000 | 26,890,729 | 30,599,273 | 1.67% | 0.88 | 3.59 |
| 1.2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 475,000,000 | 542,065,473 | 367,464,718 | 33.69% | 1.48 | 1.14 |
| 1.3 | Трошоци за вработените | 180,000,000 | 154,824,513 | 145,770,732 | 9.62% | 1.06 | 0.86 |
| 1.4 | Останати трошоци од работењето | 125,000,000 | 116,471,664 | 192,843,620 | 7.24% | 0.60 | 0.93 |
| | **Вкупно трошоци од дејноста** | **787,500,000** | **840,252,379** | **736,678,343** | | **1.14** | **1.07** |
| 2 | Финансиски расходи и амортизација | | | | | | |
| 2.1 | Камати | 250,000,000 | 86,385,540 | 249,115,661 | 5.37% | 0.35 | 0.35 |
| 2.2 | Негативни курсни разлики | 387,500,000 | 27,453,163 | 1,577,437 | 1.71% | 17.40 | 0.07 |
| 2.3 | Амортизација | 575,000,000 | 655,063,616 | 640,969,058 | 40.71% | 1.02 | 1.14 |
| | **Вкупно останати расходи** | **1,212,500,000** | **768,902,319** | **891,662,156** | | **0.86** | **0.63** |
| | **Вкупно расходи** | **2,000,000,000** | **1,609,154,698** | **1,628,340,499** | **100.00%** | **2.00** | **0.80** |
| | **Финансиски резултат** | **1,750,000,000** | **2,077,171,163** | **3,064,485,924** | | **0.68** | **1.19** |

Во Билансот на успех се содржани оперативните приходи, кои за извештајниот период изнесуваат 3.658.745.958 денари, и оперативните или општите трошоци, кои изнесуваат 840.252.379 денари. Нивната разлика ја дава оперативната добивка која за третиот квартал од 2025 година изнесува 2.818.493.579 денари. Кај позитивните курсни разлики се бележи големо намалување на истите за извештајниот перод, а кај негативните курсни разлики се бележи големо зголемување во споредба со истиот период од минатата година. Финансискиот резултат за извештајниот период е 2.077.169.663 денари.

## VII. ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА

Инвестициите се вбројуваат меѓу најзначајните фактори на економскиот развој. Во табелата што следи се прикажани инвестиции од сопствени средства и инвестициите со странски кредити, како и инвестициите од буџетски средства остварени во третиот квартал од 2025 година и нивната споредба со претходната година за истиот квартал.

➢ Табеларен приказ на инвестициона програма

| Годишна Програма | Програма 2025 | Реализација III квартал 2025 | Реализација III квартал 2024 | Струк. Анал. 2025 | Споредба 2025/2024 | Оств. /план. 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ИНВЕСТИЦИИ** | **8,191,152,500** | **5,388,647,763** | **3,574,770,410** | **100.00%** | **1.51** | **0.66** |
| **Инвестиции од сопствени средства** | **1,437,902,500** | **895,556,424** | **943,672,288** | | **0.95** | **0.62** |
| Градба и рехабилитација на држ. патишта | 690,527,500 | 192,960,370 | 359,523,346 | 10.06% | 0.54 | 0.28 |
| Свлечишта и рехаб. на мостови и тунели | 25,000,000 | 27,037,278 | 12,653,232 | 0.35% | | 1.08 |
| Осветлување и сигнализација и опрема на патишта | 25,000,000 | 8,248,000 | 0 | 0.00% | | 0.33 |
| Сопст.учество во инвестиции од странски кредити | 175,000,000 | 177,868,636 | 325,700,263 | 9.11% | 0.55 | 1.02 |
| Инвестиционо одржување | 180,000,000 | 222,646,869 | 2,172,886 | 0.06% | 102.47 | 1.24 |
| Експропријација | 150,000,000 | 66,884,358 | 106,980,703 | 2.99% | 0.63 | 0.45 |
| Проектирање | 25,000,000 | 4,207,644 | 12,026,064 | 0.34% | 0.35 | 0.17 |
| Надзор над градежни работи | 162,375,000 | 195,464,499 | 124,615,794 | 3.49% | 1.57 | 1.20 |
| Опрема и софтвер | 5,000,000 | 238,770 | 0 | 0.00% | | 0.05 |
| **Инвестиции од странски кредити** | **2,193,000,000** | **1,445,183,206** | **2,248,252,050** | | **0.64** | **1.56** |
| Инвестиции со кредит од Светска банка | 454,250,000 | 296,844,291 | 172,853,586 | 4.84% | 1.72 | 0.58 |
| Инвестиции со кредит од ЕБОР | 613,750,000 | 143,155,391 | 274,595,621 | 7.68% | 0.52 | 1.92 |
| Инвестиции со кредит од Ексим Банка | 1,125,000,000 | 1,005,183,524 | 1,800,802,843 | 50.38% | | 1.79 |
| **Инвестиции од буџетски средства** | **4,560,250,000** | **3,047,908,133** | **382,846,072** | **10.71%** | **7.96** | **0.13** |

➢ Графички приказ на инвестиции според изворите на финансирање




➢ Инвестиции по проекти за третиот квартал од 2025 година

| Р.бр | Годишна Програма | Програма 2025 | Реал. III квартал 2025 |
|---|---|---|---|
| | **ИНВЕСТИЦИИ** | **5,911,027,500** | **5,388,647,763** |
| | **Инвестиции од сопствени средства** | **1,437,902,500** | **895,556,424** |
| | Градба и рехабилитација на државни патишта | 690,527,500 | 192,960,370 |
| a) | ***Изградба на делн. Извор (спој со А2) - Гарски Мост*** | | **47,059,373** |
| b) | ***Рехаб. На државен пат А2 - обиколница Крива Паланка*** | | **10,469,193** |
| c) | ***Рекон. со прош. на Понов мост - Богданци*** | | **29,945,104** |
| d) | ***Рех. и поп. на делн. Охрид - Св. Наум*** | | **55,982,312** |
| e) | ***Изг. на Обикол. на Тетово преку клу. Требош до Непроштено*** | | **49,504,388** |
| | Свлечишта и рехабилитација на мостови и тунели | 25,000,000 | 27,037,278 |
| a) | ***Санација на мост на р.Вардар А2 делн.Гостивар -Стража*** | | **2,980,904** |
| b) | ***Заштита и санац. на потпорен ѕид Р1202, кај Бигорски манастир*** | | **4,678,651** |
| c) | ***Санац. на мост над река Шевница*** | | **4,383,178** |
| d) | ***Санац. на мост преку р.Вардар кај Башино село*** | | **14,994,545** |
| | Осветлување и Сигнализација и опрема на патишта | 25,000,000 | 8,248,000 |
| a) | ***Сооб. сигнал. и опрема Р1203 Тетово - Јажинце*** | | **8,248,000** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Сопствено учество во инвестиции од странски кредити | 175,000,000 | 177,868,636 |
| a) | ***Кичево -Охрид -Кинески кредит сопствено учество*** | | **177,800,407** |
| b) | ***ДДВ Елект. систем за патарини 1 фаза*** | | **68,229** |
| | Инвестиционо одржување | 180,000,000 | 222,646,869 |
| a) | ***Периодично инвестиционо одржување*** | | 222,646,869 |
| | Експропријација | 150,000,000 | 66,884,358 |
| | Проектирање | 25,000,000 | 4,207,644 |
| | Надзор над градежни работи | 162,375,000 | 195,464,499 |
| | Опрема и Софтвер | 5,000,000 | 238,770 |
| | **Инвестиции од странски кредити** | **2,193,000,000** | **1,445,183,206** |
| | Инвестиции со кредит од Светска банка | 454,250,000 | 296,844,291 |
| a) | ***Изг.на екс.пат А2, делница Длабочица - Чатал*** | | 244,782,836 |
| b) | ***Финансиска ревизија на проектот*** | | 823,606 |
| c) | ***Консултантски услуги Ранковце - Крива Паланка*** | | 129,397 |
| d) | ***Консултантски услуги Менаџмен систем на мостови*** | | 50,812,570 |
| e) | ***Консултантски услуги -геотехнички инжинер*** | | 295,882 |
| | Инвестиции со кредит од ЕБОР | 613,750,000 | 143,155,391 |
| a) | ***Проектирање на делница Букојчани-Кичево*** | | 16,216,222 |
| b) | ***Заврш.градба на експ.пат Градско - Прилеп*** | | 40,300,831 |
| c) | ***Електронски систем за наплата на патарина Коридор 8*** | | 18,041,101 |
| d) | ***Изградба на експресен пат А3, делница Крупиште - Кочани*** | | 68,597,237 |
| | Инвестиции со кредит од Ексим Банка | 1,125,000,000 | 1,005,183,524 |
| a) | ***Изградба на Автопат Кичево - Охрид*** | | 1,005,183,524 |
| | Инвестиции од буџетски средства | **2,280,125,000** | **3,047,908,133** |
| a) | ***Изградба на делн. Тетово - Гостивар -Букојчани, Требеништа - Струга -Ќафасан, Прилеп - Битола*** | | 3,047,908,133 |

**В.Д. Директор**

**Коце Трајановски**

Изработил: Маре Шурлиновска

Контолирал: Марина Терповска

Одобрил: Татјана Миновска